**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 октомври 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 16,07 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Андреј Жерновски, Стојан Андов, Благородна Дулиќ, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Абдулади Вејсели, Ѓорѓи Оровчанец, како и Владо Бучковски, Весна Бендевска, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Јани Макрадули, Илинка Митрева, Мери Ѓеорѓиевска Младеновска и Неждет Мустафа, Хаби Незири, Марјанчо Николов, Никола Поповски, Есад Рахиќ, Никола Рилковски, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Иван Стоиљковиќ, Никола Ќуркчиев, Верица Филипова, Кенан Хасипи, Благородна Цветановска и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинставото пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година, со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе Закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

Предлогот на Владата Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот Михајло Маневски. Повелете.

Се извинувам министре, пред да го образложите предлогот, процедурално бара збор господинот Бесим Догани.

Повелете господине Догани имате три минути.

**Бесим Догани:** Ние и целата јавност сме многу вознемирени со случајот на заканување што се направило на независниот пратеник господинот Фадил Сулејмани, од врвот на опозиционата албанска партија, ДУИ. Затоа предлагам и барам ние како Парламент да излеземе со еден заеднички став и да се обратиме до релевантните институции, со цел тие да излезат со заштита на физичкиот интегритет, не само на пратеникот Фадил Сулејмани, во овој случај, туку во целост на пратеникот како претставник на народот и на овој начин да го избегнеме повторното враќање на средновековните методи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да појаснам.

Јас веќе ги известив надлежните институции за овој инцидент и мислам дека како прва реакција е доволно што реагирав како претседател на Собранието.

Мене лично ми се обрати господинот Сулејмани, беше многу возбуден и потврди дека имал закана по животот. Јас реагирав, како што сега ве известувам и мислам дека за оваа фаза е доволно. Да се запознаеме со останатите ситуации, бидејќи се работи за телефонски разговор.

Она што мене ме натера да реагирам е тоа што тој телефонски разговор, едниот од страната на жицата бил тука во собранискиот ресторан. Тука била присутна една новинарка. Така што, тој инцидент не засега и нас.

Инаку, за другото, за некаква поофицијална реакција на Парламентот, јас предлагам да се сочека, да се добијат сите релевантни фактори, да видиме што и како ќе добиеме. Инаку првата моја реакција беше органите да го знаат тоа затоа што тоа е моја должност да реагирам, бидејќи тоа е наш пратеник, наш колега. Просто реагирав како за човек од својот тим. Ние сме еден тим овде и не смее тоа да се остави така.

Повелете господине Тачи.

**Мендух Тачи:** Благодарам претседателе.

И покрај тоа ние инсистираме, како парламентарна група на ДПА, случајот е доста сериозен, е документиран, пратеникот Сулејмани моментално е во полиција и таму дава изјава. Ние немаме дилеми и сомнежи во однос на постапката на државните институции што се занимаваат со безбедносните аспекти, но и покрај тоа ние како парламентарна група инсистираме за една декларација на овој Парламент, што е една начелна постапка. Не сакам да бидам патетичен, но ценам и мислам дека е морална обврска и треба да се даде една силна поддршка од оваа највисока државна институција што му се дава на еден од припадниците на оваа институција. Не се говори за политички шпекулации и настојување за добивање на политички поени. Едноставно се говори за една солидарност со еден претставник

на граѓаните на Република Македонија. да се даде едно оградување од заканата со ликвидација, што се врши на еден пратеник.

Не би сакал да ја вжештам ситуацијата, но сакам да ги потсетам моите колеги, сите граѓани, во една друга држава која претендира да има слободи и права на човекот и граѓанинот и каде дејствува правната држава, заканата во однос на еден обичен граѓанин, со ликвидација е катастрофален акт. Додека заканата за еден претставник кој е избран од волјата на самите граѓани, да ги претставува во овој Парламент, е повеќе од скандалозна состојба. Затоа Парламентот треба да донесе една одлука, декларација, или солидарност со политичките ставови на господинот Сулејмани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш предлагам, прво да го донесеме законот за кој не гледам дека ќе има голема расправа. Значи да помине прво тоа што е на дневен ред на седницата, а потоа ќе дадеме една пауза, ќе се собереме на консултација со координаторите и таа пауза да се искористи, бидејќи една декларација не значи ништо. Треба да се состави некој папир врз основа на што, евентуално ние би реагирале.

Значи ние да дискутираме и да го донесеме законот кој е на дневен ред, бидејќи е по итна постапка, а потоа ќе направиме една пауза, ќе се собереме на консултација и ќе видиме како ќе процедираме по оваа немила случка.

Ако се согласувате така, тогаш да му дадеме збор на господинот министер.

**Слободан Најдовски:** Претседателе, дневниот ред е утврден, седницата вие ќе ја заклучите после усвојувањето на законот. Ако договарате од понеделник за такво нешто, добро. Инаку седницата ќе биде завршена.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сакам да се консултираме. Не е се така како што пишува. Што сега, Деловникот ли ќе го гледаме. Има и вонредни ситуации.

Јас предлагам оваа седница да ја завршиме, да го усвоиме законот, а после тоа да видиме.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сакам сосема накусо да ја образложам итноста од донесувањето на Законот за попис на земјоделието во Република Македонија.

Мислам дека пописот на земјоделието во Република Македонија е од исклучително значење, утврдено уште при донесувањето на законот во март 2006 година. Меѓутоа, како што знаете, пописот иако требаше да биде спроведен во роковите што ги пропишуваше законот, од 16 до 30 октомври 2006 година, тоа не е сторено, не беа направени потребните подготовки и обезбедени потребните материјални средства. Меѓутоа, со оглед на значењето на оваа статистичка операција која треба да се оствари, мислам дека измената на законот по итна постапка е неопходно заради тоа што треба на време да се спроведат подготовки, печатење на обрасци, формирање на тела, набавка на материјали, што е неопходно тоа да се направи на време и без одлагање. Секое доцнење и динамиката на реализацијата на планираните активности, може да влијае на квалитетот на пописот, а ние сега пописот сакаме да го спроведеме односно подготовките да бидат извршени колку е можно понавреме и поквалитетно.

Од тие причини и со оглед на тоа што треба да се создаде правен основ за обезбедување на потребни финансиски средства кои се значителни, наведени се во законот, треба да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија во 2007 година.

Имајќи ги предвид сите тие околности, мислам дека Собранието треба да го утврди Предлогот на Владата и законот да го разгледа на оваа седница затоа што постојат вонредни и неодложни потреби кои произлегуваат од тоа што го кажав пред малку. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Дали некој бара збор? (Никој).

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 60, воздржани нема, 1 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред

1. Предлог на закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 58 пратеници, 1 воздржан, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1: - Предлог на закон за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.**

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, за 60, воздржани нема, против нема.

Ги молам службите на го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Гласањето го повторувам.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за попис на земјоделството во Република Македонија, 2006 година.

Ја заклучувам Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во сала Охрид, за договор.

(Седницата заврши во 16,48 часот)